# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**21.03.2025 год.** **Бр.IV**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 59-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 20.03.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 59-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 20.03.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-390/1 од 21.03.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15, член 50 став 1 точка 8 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и ,,Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50, член 62 став 1 точка 4 и 8, член 132 и 133 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 20.03.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства за настраданите граѓани во пожарот во Кочани**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува доделување на финансиски средства како солидарна помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

**Член 2**

Висината на финансиските средства кои се доделуваат со оваа Одлука изнесува 200.000,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства да бидат исплатени на сметка на фондот на солидарноста на Црвениот Крст на Република Северна Македонија број 300000001327966, даночен број 4030984271620 АД Комерцијална Банка Скопје, со назнака: Помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

**Член 4**

Оваа Одлука ќе ја изврши Градоначалникот на Општина Крушево од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-367/3 од 20.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 59-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево …....................................................... 1
2. Одлука за доделување на финансиски средства за настраданите граѓани во пожарот во Кочани ... 1

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.